БИЛТЕН Бр.3

# 41
# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" П Р И Л Е П

08.06.2006

# ТЕАТАРСКИ ФЕНИКС

Нова ѕвезда се појави на театарското небо. По педесет години замреност, се обнови охридскиот театар. Се издигна како феникс од театарските пеплишта за да покаже и докаже дека македонскиот театарски простор се размножува, оплодува. Повторното оживување на театарската сцена во градот, лулка на македонската култура и уметност, беше со аплауз поздравено од целата македонска јавност. Се радуваа и оние кои се потат на сцената, и оние кои со својот збор и мисла партиципираат во театарскиот производ. Се израдува и охридскиот гледач за можноста што му се нуди за театарско естетско уживање.

И со право! Обновата на театарот на македонската почва значи и виза за иднината на театарскиот живот. Некогаш охридскиот театар егзистирал како народен, за денес да го носи имеперативот градски. Токму тоа говори за институционализацијата на театарот во сегашни услови. Или уште подобро речено пример за практично функционирање на толку најавуваниот процес на децентрализација на културата. Па оттука и потребата, поточно и обврската, локалната самоуправа да преземе дел од обврските, како што се комуналиите и даноците , сé со цел да може да се стимулира буџетот на театарот.




И не само локалната самоуправа! За да има театар треба подршка и од малостопанствениците и развивање на меценството. Само така и тогаш, театарот нема да згасне и биде со краток здив. За битисувањето на театарот е потребна и љубов, ентузијазам, посветеност. Не умира театарот бидејќи е игра, а во ова време - безвреме, играта на сите ни треба!



Продукција ОДА - Тетово

**ЕМИГРАНТИ**
Славомир Мрожек

Режија: Софија Ристевска
Видео: Арбен Тачи
Актери: Адриан Азири и Музафер Етеми

**Актерите за претставата:**
МУЗАФЕР ЕТЕМИ, актер - Го играм АА во Емигранти. Ми беше чест што учествував на фестивалот, кој е добро организиран. Убаво соработувавме со Софија како режисер. Беше напорно, но задоволни сме. Зошто ЕМИГРАНТИ? Идејата дојде сама од себе. Во Тетово нема театар. Ние баравме да се отвори театар во Тетово, но гласот се изгуби не знам каде. На некој начин се чувствувавме како емигранти во својата земја. Како актери емигранти кои не можат да ја работат својата професија.
АДРИАН АЗИРИ, актер - Пред да се ангажираме во оваа претстава ние сакавме сами да ја играме. Во меѓувреме Софија дојде во Тетово, работевме претстава за деца. Откако се запознавме ја поканивме да ја работи режијата. Беше тоа сосема случајно. Како е да се игра емигрант? Да Ви кажам искрено сите колеги во Тетово се чувствуваме како емигранти. Ние сме дипломирани актери и нема место каде да ги изнесеме нашите таленти. Среќен сум затоа што учествувам на фестивалот "Војдан Чернодрински". Да се учествува на еден ваков фестивал е посебна чест. Особено сум задоволен од реакцијата на публиката по завршувањето на претставата.

**Публиката за претставата:**
- Многу добра, интересна претстава!
- Многу ми се допадна претставата. Актерите беа одлични. Можеби режисерски требаше малку да се интервенира, но целосно добра претстава!
- Претставата гледана од аспект како Македонец многу ми се допадна. Ваквите проекти, кои се прават од националностите, се добри. Тоа е едно претставување на интелектуалците Албанци коишто знаат добро да ја воведат целата нивна интеграција во нашето општество!
- Интересна претстава. Нешто ново. Ваков концепт не сум сретнала!

ОДБЛИСКУ СО... СОФИЈА РИСТЕВСКА, режисер

*Кој беше мотивот да ја поставите ЕМИГРАНТИ?*
РИСТЕВСКА: Емигранти, заради тоа што ние младите луѓе во Република Македонија не сакаме да бидеме емигранти. Затоа пораката на претставата на крајот е јасна. Емигранти, за да покажеме како тие живеат, односно како би живееле. Емигранти, само заради тоа што не сакаме ние, младите да бидеме емигранти.
*Зошто овој проект го реализиравте со независна продукција и во Тетово?*
РИСТЕВСКА: Затоа што во Тетово, во локалот каде што ја работевме претставата условите беа идеални луѓето многу ме поддржаа, а и моите двајца глумци се прекрасни актери. Затоа е независна продукција.
*Кој е следниот предизвик за Софија Ристевска?*
Во Охрид со охридскиот театар ќе ја работам "Верона, Верона" од Алексеј Шипенко. Започнуваме на седми јуни. Премиерата е на 1 јули. Повелете!

Градски театар - Охрид



**ФАРСА ЗА ХРАБРИОТ НАУМЕ**
Русомир Богдановски

режија: Благојче Божиновски
костимографија: Татјана Медарова - Стојановска
музика: Марјан Неќак

Играат: Весна Илиевска, Митко Серафимовски, Петар Мирчевски, Павел Маслов, Никола Тодороски, Марија Новак, Горан Стојаноски, Јасмина Билаловиќ

**Актерите за претставата:**

ПАВЕЛ МАСЛОВ, актер - За мене градењето на секој еден лик е голем предизвик како и самиот процес. Ликот се креира во текот на процесот. Процесот траеше околу месец и половина и беше доста интересен, креативен и напорен процес.

ЈАСМИНА БИЛАЛОВИЌ, актер - Во основа сé игравме на таа забавна линија - машко женски односи. Овде се тие односи испревртени од она што е наш стереотип или секојдневие. Пирга е таа што ги носи панталоните во нивниот случај, а Науме има страв од неа. Тие извртени односи беа на некој начин предизвик.

НИКОЛА ТОДОРОСКИ, актер - Го играм Капетан Магдонос. И претходно имавме една соработка со Благојче Божиноски и мислам дека процесот течеше прекрасно. Овозможен беше секој аспект на креативност и од негова и од наша страна и мислам дека беше едно прекрасно дружење и соработка со екипата.

ГОРАН СТОЈАНОСКИ, актер - За мене беше предизвик да се игра Храбриот Науме заради тоа што онаа храброст која денеска се потенцира практично е лажна храброст каде што нема искреност. Овој лик без оглед на тоа што не е во пантолони туку е во здолниште, практично ја има вистинската облека на моралот и на вистинските вредности. Кога Науме ќе собере сила нешто да каже, ја кажува вистината. Денеска многу малку јунаци има што ја кажуваат вистината.

**Публиката за претставата:**

- Актерите од претставата може лекција да им одржат за претставата. Дел се аматери, ама дадоа повеќе од професионалци. Преубава претстава. Многу талентиран актер е Горан Стојаноски. И повеќе од некои професионални актери.
- Ме бендиса глумата. Сé беше во ред. Задоволна сум од она што го видов на сцената.
- Сé ми се бендиса во претставата. Кореографија, актерската игра. Целосно ми се допадна.

РАЗГОВОР СО ПОВОД:

**ГОРАН СТОЈАНОСКИ, директор на Градскиот театар од Охрид**

□ *Охрид по 50 години доби театар. Како охриѓани и целата македонска јавност го доживеа воскреснувањето на театарската куќа?*

СТОЈАНОСКИ: Имаше неколку инцидентни иницијативи, но за жал не наидовме на разбирање од оние кои тоа требаше сето тоа да го поткрепат, пред сé финасиски и морално. Но сега се создадоа услови со процесот на децентрализација: моќта на локалната самоуправа, добрата волја на министерството за култура, и квалитетот и капацитетот на менаџерскиот тим на Градскиот театар Охрид, овозможија да се создаде една платформа за подолгорочна иницијатива којашто траеше речиси една година и во тој период се употребија сите механизми - од лобирање, до квалитетeтен маркетинг - за да се дојде до ситуација да се формира. Театарот се формираше на сечие задоволство.

□ *Има ли иднина овој театар?*

СТОЈАНОСКИ: Иднината на овој театар зависи од добрата волја на луѓето кои може да го водат, да играат во тој театар и нормално од структурите кои може да помогнат финансиски. Материјалниот капацитет е многу добар бидејќи добивме една донација од Холандија за светлосен и аудио парк итн. Во моментов имаме околу 10 актери и техничка екипа обучена надвор од Македонија и мислам дека стартот е добар. Потребно е развивање на одредени капацитети, имаме студенти кои треба да се вратат во театарот. Секако дека има иднина! Театарот е игра. Сé додека има потреба за игра и чувство за празнење од она што општеството го задава како проблем, свесно или несвесно, секогаш ќе се најдат т.н. јунаци кои ќе можат да кажат одредени работи во очи, не само како критика на власта, туку за зголемување на свеста на народот.

□ *Што му треба на охридскиот театар?*

СТОЈАНОСКИ: Како и на секој театар, и на охридскиот, му треба континуитет, квалитетна стратегија на одржливост и многу пријатели кои ги има. Со самото создавање на театарот сите луѓе кои го сакаат и живеат од театарот се на страната на создавањето на една ваква квалитетна културна вредност.

□ *Планиран репертоар во иднина?*

СТОЈАНОСКИ: Деновиве почнуваме да работиме еден текст на Алексеј Шипенко што се вика "Верона" во режија на Софија Ристевска и очекуваме во почетокот на јули да излезе премиерно. На "Охридско лето" учествуваме со претставата "Храбриот Науме", а посебно сме почестени што гостуваме и на фестивалот "Војдан Чернодрински". Сега е период на собирање пари од донатори, од јавни установи и до крајот на август ќе можеме да знаеме што ќе се работи од септември.

□ *Колку градскиот театар од Охрид е отворен за соработка со режисери, актери, за проток на идеи, размена на искуства?*

СТОЈАНОСКИ: Доколку биде се како што треба во нашата стратегија за собирање средства, соработката ќе биде непречена. Ние и сега имаме гости режисери, актери, но, нели, сето тоа зависи од проектот.



Колоквиум на трета година студенти на ФДУ во класата на професор Владо Цветановски и асистент Мими Таневска



**СЛУЧАЈОТ П.**

Играат: Ивица Димитријевиќ, Марија Спиркоска, Зорица Стојановска, Јелена Јованова, Зоран Ивановски, Розета Петковска, Борче Начев, Жаклина Петровска, Софија Насевска, Бошко Бозаџиевски, Димитар Ѓорѓиевски.

**Актерите за претставата:**

ДИМИТАР ЃОРЃИЕВСКИ, студент - Супер беше. Многу ме бендиса публиката. Ова ни беше колоквиум. Досега претставата ја игравме 20 пати во Голема станица и нé поканија да играме на фестивалот. Досега ваква публика не сум видел. Публиката знаеше да комуницира со нас.
ИВИЦА ДИМИТРИЈЕВИЌ, студент - Ова беше дваесетта изведба на оваа претстава и мислам дека имавме чудна енергија, иако имавме мали проблеми пред почетокот. Но се надминаа откако излеговме на сцената. Супер поминавме и сме задоволни од тоа што го прикажавме.
МАРИЈА СПИРКОСКА, студент-актер - Најнапред, ни беше кажано да составиме приказна од пет елементи: портокали, пазар, тепачка, продавачка, купувач и полиција. Ние да составиме наш крај и да си избереме еден лик преку кој ќе го оствариме сето тоа. Цело време бевме заедно на сцена и си помагавме за да го добиеме крајниот резултат. Многу сум задоволна.

МИМИ ТАНЕВСКА , актер и асистент на ФДУ

Ова е колоквиум што го работевме на трета година. Шекспир ни е материјал што мора да го поминеме. Имавме дијалози и монолози. Тоа беше така, посериозниот дел, и сакавме со оваа претстава да ги отвориме студентите, да ги види публиката и во едно поинакво светло. Сакавме да видиме колку тие може да бидат комични, смешни, отворени, забавни, инвентивни и колку може повеќе да импровизираат.
Сакавме да работиме по принципот на Рејмон Кено, знаете стилски вежби. И сакавме да си направиме една наша приказна. Тогаш им дадовме задача на студентите да измислуваат приказни. Така се роди оваа приказна и ја крстивме СЛУЧАЈОТ П. Работена е по принципот на Кено, со таа разлика што овде не е зададен материјалот, туку приказната самите студенти си ја измислуваат и од неа прават различни варијации, ликови, карактери и мислам дека правејќи го тоа, тие многу се забавуваа. Тоа беше корисно за нив и за нас како педагози.

**Публиката за претставата:**

- Претставата ја искажа младоста, се што дава денешниот живот.
- Добро е што студентите решиле да претстават одредени дијалекти од земјава. Тоа многу ми се допадна. Тоа беше добро доловено. Студентите имаат многу потенцијал.
- Гледајќи ја претставата многу ми се допадна играта на еден од актерите кој трипати го видов во претстави. Тоа е Зоран Ивановски, кој навистина прекрасно се претстави.

ПРОМОЦИЈА:
НЕНАД СТОЈАНОВСКИ - споменар.
приредувач Александра Бошковска



**ТАЈНАТА НА НЕНАД**

Да се прави книга - монографија или според мене многу суптилно промислениот наслов - СПОМЕНАР - за таква актерска величина каков што беше Ненад Стојановски е, пред сé, благородна и одговорна работа. Затоа, од името на театарскиот еснаф и многубројната публика што го обожуваше, им благодарам на трите дами: Викторија, Сашка и Зоја - кои со особена љубов, одговорност и почит (тоа се гледа од книгата) го создадоа овој споменар во кој на многу интересен и необичен начин, низ една оригинална идеја, нé вратија и нé потсетија на едно време.
Нé потсетија на атмосферата и на мирисот на тоа театарско време. Времето во кое се создаваше СТОЖЕРНАТА И МОДЕРНАТА АКТЕРСКА ФИГУРА НЕНАД СТОЈАНОВСКИ на кој Македонија и македонскиот театарски простор многу бргу му станаа претесни.
Споменарот за Ненад се чита во еден здив. Срочен многу интелигентно и умешно, како во добро напишана драма, зависнички ве влече желбата, од страница во страница, од исказ до исказ, низ прекрасен избор на фотографии, да ѕиркате во неговиот професионален, приватен, па ако сакате и семеен живот. На крај, добивате јасна, прецизна слика за тоа кој беше Ненад како актер, творец, другар, сопруг, татко.
Спомнав **модерна актерска фигура**. Во мојот исказ за Ненад во овој споменар и самиот си го поставив прашањето: Модерен актер - Што е тоа модерен актер?
Зошто некои актери од самиот почеток ги прифаќаме како современи, со модерен сензибилитет? Како низ годините или со годините што го газат актерот да не се попадне во старомодното? Дали е тоа кршење на правилата на игра, уривање на клишеата, начинот на мислење, следење на вкусот на времето, градење на свои правила и сопствен имиџ или и нешто друго и нешто повеќе?
Секогаш кога си ги поставувам овие вечни актерски прашања и преиспитување па и денес, ми излегува сликата на Ненад како пример за модерен, современ актер кој, сигурен сум, таков ќе го гледавме и денес и во длабоката "актерска старост", ако ја дочекаше.
**Едноставно Ненад беше и остана тајна**.

Кирил Ристоски, промотор

- *Слушај. Теоретски, јас би можел да ја одиграм оваа улога стопати подобро од тебе, зашто имам огромно искуство. Но, не можам да ја имам твојата младост, ниту пак можам да ја одиграм. Искористи ја и старej брзо, во овие неколку недели. Секој треба да ги игра вистинските улоги во вистинско време. Ми беше тешко да сфатам, но сега знам дека мене ми дојде време за поинакви улоги, како Тејресија на пример.*

(Ненад му говори на Дејан Лилиќ за улогата на Ојдип во " Ојдипус Тиранус Софоклеус", извадок од текстот "Ангел- чувар" од Зоја Бузалковска; Ненад Стојановски - Споменар)



**СТОЈАН**
Сите овде сонувачи се
сонуваат со отворени очи:
сонуваат ролји, настапи, сцени
сонуваат да бидат цареви,
кралеви,
моќници на сцена
за нив недопирлив си Ти
реалноста на тоа те учи
некогашси груб, некогаш си
суров
некогашнежно прифаќаш
неостварена душа
а сепак и Ти сонувач си ист
Сонуваш Прилеп со нов
театарски храм да го видиш,
без оглед на тоа што - и кој
потоа ќе бидиш!



**ВЛАДО**
Во одот- одлучноста на духот,
ти ја гледам!
Со око просторот го стрелаш.
Каде и кон кого иташ-
романтична душо?
Местото ти е овде,
на оваа Македонска сцена.
Ти нејзин дел си,
еднозначна важност на
присутијата -
со нозе што потсетуваат на
столбовите на Асина:
та дали си се словел Јордан,
Љубе дали - или
Владе...



# РАБОТИЛНИЦА: ЛУТЕТЕ СЕ -

## РЕШЕТАСТО ЌОШЕ

**ВРЕМЕ**

Откако Благоја Спиркоски-Џумерко (како мене) прифати директор да му биде министерот за труд и социјална политика Стевче Јакимовски, замолчи. Му се зеде зборот. Молчи и тој, молчам и јас а сепак не сме риби - пензионери сме. Во оваа земја во којашто само пред избори и по нив ги пребројуваат пензионерите и пресметуваат дали за еден глас ќе можат да им исплатат 0,1 посто зголемување на пензиите. Кој проговори или кој ќе се пожали ќе го загуби и тоа.

**ОФ- ЛЕЛЕ, ЛЕЛЕ**

Што ти е мајката кога човек знае јазик.Чита оф и не гледа ниту еден политичар.Чита ОН и очекува Манасиевски да не ангажира за Ирак.Овде и така и така по фестивалот ќе нема што да се работи.

**СОЗНАНИЕ**

На овој фестивал најлесно им е на новинарите. За се што сакаат да дознаат го прашуваат претседателот Кирил Ристоски, а ако тој не знае најверојатно знае Стојан Дамчески, а ако Стојан не знае знае Ѓунер Исмаил. Меѓутоа, проблемот е во тоа што сите нив нема кој да ги праша што знаат и до каде стигна фестивалот. Новинарите поканетите не дојдоа. Можеби требаше никој да не ги покани па така ќе се иступреа и можеби ќе напишеа по некој збор за оваа манфиестација од национален интерес.

**КРСТОЗБОР**

Во бифето група актери и режисери се мачат да им текне кој град во Македонија има единаесет букви. Не им текнува. Келнерот ги праша каде запнаа, а тие надмено грешката ја бараат во компјутерот. Келнерот се смее и вели како не ви текнува. - Кажи кој е прашуваат артистите и режисерите? Келнерот се смее и вели: Кој може да биде ПРИЛЕП ЕБАГО, пребројте па ќе видите.

## ОД ТВОРЕШТВОТО НА ШЕКСПИР ОД МАРИОВО

О... волу колку си остар во
зборовите,
о... камо да си таков и во
роговите!

ПЕС
Еден пес вчера многу лаеше
подоцна за тоа се каеше
ќе го лапне матната знаеше,
но во оваа мизерија повеќе
не се траеше!

ПОЛЖАВ
За некои политичари
спороста е мана,
за некои пак - добра
страна!

# КОПРИВАРНИК
# И ТОА Е ЗДРАВО



## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

***ЕЛЕКТОРАТСКА***

Живееше за вистината - а се удави во морето од демократски лаги!

***ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ***

Првин купи си спреј - дури потоа пикни го носот во вистината!

***ГОСПОДА***

Доста ни беа оратори - сега потребни ни се орачи!

***АРТИСТИЧКА***

Е... би ги покажал стариот артист забите, штета само што вилицата не му е при рака.

## МИСЛА НА БИЛТЕНОТ

*Покажете ми го патот, ветувам дека нема да стигнам до целта.*

## ШПИЦ - БЛИЦ

Вчера до редакцијата на "Билтенот" пристигна телеграма од господинот Христо Бојчев. Тој длабоко се извинува што е службено отсутен од земјата во која што неговите текстови најмногу се изведуваат. Меѓутоа, Бојчев ветува дека ќе пристигне во Македонија наскоро. Ветува дека при тоа ќе го донесе новото дело што го завршува за изведба со наслов: "Илинденско братимење на братските народи" - порачано од премиерите на двете земји. Според Бојчев на свечената премиера на Мечкин камен ќе учествуваат двете нации без присуство на претседателите и историчарите, бидејќи тие и натаму остануваат на стража, длабоко закопани во сопствените ровови.

**ДРАМУЛЕТКА**

(Може да ја изведе секој професионален, амтерски, или случајно избран театар, дали на локални или парламентарни избори. Претставата може да се случи сега, утре или во било кое време. Дејствието се одвива покрај застоена политичка бара при залезот на сонцето. Во драмулетката учествуваат Жабата и Жабјакот. Облечени се во зелено, иако не се членови на Зелените. Зелени се и нивните мозоци, слично како и многу зелени на многу важни функции). **ЖАБЈАКОТ:** Кре...

**ЖАБАТА:** Куре - ек, куре- ек, куре ехехе... Сестра ми, односно жената твоја ја прости господ. Ја голтна штркот. Чини оп и ја голтна.

**ЖАБЈАКОТ:** Штоо - кре, кре, кре сакаш даречеш дека умре?

**ЖАБАТА:** Не знам. Знам дека Штркот ја голтна и толку.

**ЖАБЈАКОТ:** Кај може штрк, згора болен од птичји грип, растресен и слаб да ја голтне мојата жена? И да ја голтне на лице место ќе умре. Но ниту ти - ниту јас ја имаме таа шанса да се спасиме од неа.

**ЖАБАТА:** Куре-ек, куре-ек, куре - ек, овој пат се спасивме сигурно. Односно се спасив јас од двајцата.

**ЖАБЈАКОТ:** Како го мислиш тоа?

**ЖАБАТА**: Едноставно не знам дали Штркот беше болен од птичји грип, но сигурно знам дека сестра ми боледуваше од сида.



**БАРДОВИ**

Ене -
ене токму онде;
Во оној шарен подврз
се крие животопис за човек
човек и актер
за глумчиште едно
што за навек
и векутуват века
името му се помне
Ненад или Шишков
сеедно ќе е
еј Ненаде, еј Шишков
само кога би можеле
да не чуете
би свртиле поглед
во нас би се вперило
зеленилото на вашите очи.
Можеби би прашале
кој тоа ве вика?
Дали се тоа водите на
Вардар или зелените шуми
на Кораб, Беласица или
Пелистер тоа вика
Можеби глас на пријател ќе
е, можеби вик на штиците
што живот значат, можеби
глас на кулисите или глас на
публиката што за аплауз
ве чека.



Народен театар - Битола ; Турски театар - Скопје ; Labaratorio Nove - Фиренца



**ТИМОН ОД АТИНА**
Вилијам Шекспир

Режија и адаптација: Бранко Брезовец
Сценографија: Јане Чаловски
Костимографија: Благој Мицевски
Сценски движења: Жељка Санчанин
Музика: Марјан Неќак
Светло: Илија Димовски
Превод: Драги Михајловски

Играат:
**Театар Битола:** Сузана Брезовец, Борис Чоревски, Валентина Грамосли, Иван Јерчиќ, Соња Михалова, Петар Горко
**Театар Скопје**: Салаетин Билал, Елјеса Касо, Селпин Керим, Атила Клинче, Несрин Таир
**Лабараторио Нове - Фиренца**: Серџо Агуире, Ангела Антонини, Сандра Гаруљиери, Силвано Паники, Дамир Тодоровиќ

**Актерите за претставата:**

ПЕТАР ГОРКО, актер - Ова не ми е прва соработка со режисерот Брезовец. Меѓутоа оваа соработка беше посебна. Спојувањето на три култури, нации, религии, театри е извонреден. Брезовец создаде математичка совршена претстава. Да создадеш таква претстава е како да си решил ајнштајнова формула. Работевме толку прецизно, толку за глумците податно, имавме феноменален распоред на часови за работа и за одмор. Бранко Брезовец ова го направи толку совршено со јасен концепт, со многу голема прецизност. Самата изведба не водеше кон совршено, благородно чувство. Секаде каде што сме играле, во Италија, Битола, Скопје, публиката одлично реагираше. За потребите на претставата научив и италијански. Не беше тешко.

СУЗАНА БРЕЗОВЕЦ, актер - За секој актер ова е прекрасно искуство, богатство во животот да се работи со една извонредна екипа, кога прво се сретнуваат различни актерски школи, различни менталитети. Актерите секогаш наоѓаат заеднички јазик и ако се покаже тоа во претстава тогаш таа е извонредна и добро функционира. Ние, во претставата најдовме заеднички јазик и сите уживаме играјќи ја.

САЛАЕТИН БИЛАЛ, актер - Даваме се од себе претставата секогаш да биде како на премиера, иако секогаш во зависност од просторот се адаптира. Секогаш е различна, но сепак иста во квалитетот. Не ни пречи дека по двапати ја играме заради малиот број гледачи. Не е лесно да се игра по двапати, но е задоволство. Со Бранко, како и секогаш одлично соработувавме.

ИВАН ЈЕРЧИЌ, актер - Да се работи со Бранко е како да се игра ултра компјутерска видео игра. Многу сум задоволен од соработката. Се надевам дека ќе продолжи.

**Публиката за претставата:**

- Многу добра претстава!
- Извонредна претстава !
- П рекрасна претстава. Одлична игра на актерите!
- Гледајќи ја како целина оваа претстава работена по текст, пишуван порано, преработена од три екипи: македонска, италијанска и турска, беше прекрасно изведена. Можам да го издвојам извонредниот мизансцен, одлична костимографија, извонредната актерска игра. Добра театарска претстава изрежирана од "јак" режисер.
- Екипата беше одлична. Буквално согоруваше играјќи и пренесувајќи ја замислата на режисерот.

ОДБЛИСКУ СО... БРАНКО БРЕЗОВЕЦ

□ *Кој беше естетскиот мотив да се работи еден ваков проект, како што е "Тимон од Атина" и зошто копродукција со три театри?*

Интересно е да се работи на претстава за парите, односно за односот меѓу човекот и парите. Како луѓето се однесуваат кога некој нешто ќе им подари, ќе им даде бесплатно. Се прашуваат зошто им се дава бесплатно. Што значи тоа? Дали кон нив некој е добар? Ретка е можноста да се даде нешто бесплатно, а да не се побара нешто за возврат. Тимон е интересна тема. Не е само проблемот во парите, туку и во суетата. Оној кој дава, сака да биде супериорен во однос на оној кој ги добива парите. Има секакви можности да се воспостави односот меѓу оној кој дарува и оној кој прима. Требаше нешто од текстот да се исфрли за да се добие на ширина. Најпрво проектот требаше да се работи само со Турскиот театар, но набрзо се вклучи Битолски театар и Италијанците и така одлучивме темата да добие на универзалност, говорејќи на три јазици. Тоа многу добро функционираше. За месец и пол ја направивме претставата. Значи три различни претстави. Тоа беше добро искуство. Претставата е доста гледана и барана.

□ *Познат сте како режисер со специфичен режисерски израз. Би рекле жесток, што се забележа и во оваа претстава?*

Да, добро забележувате.Тоа што го правам навистина е специфично. Особено со контејнерите. Тоа беше прашање на близина. Може да бидеме многу блиски со друг но еден со друг да не си даруваме. Дали е тоа можно? Има нешто во тој поглед! Можеби пријателството меѓу луѓето треба да биде поставено некако подруго. Нема никаква потреба да се врши атак врз публиката.

□ *Каде понатаму продолжува караванот "Тимон од Атина"?*

Ние последниов период многу патувавме. Во седум дена во Италија дадовме 10 претстави. Малку сме уморни. Претходно бевме во Загреб, во Хамбург. Не е едноставно да се играат по две претстави.

□ *Следниот предизвик за Брезовец е ..?!*

Од утре започнуваме нов проект. Работиме на претстава за Тито. Голем проект. Вклучени се неколку театри од Македонија. Засега се вклучени МНТ, балетот и Битолски театар. Ќе ни се придружат и Италијанците. Тоа е голем проект. Кореграфката е од Русија. Екипата ќе биде голема. Речиси 50 луѓе. Премиерата е планирана за февруари следната година.



Панел дискусија:
**Македонскиот театар денес - дистопија или место на отпор?**

ИВАН ДОДОВСКИ
(наместо заклучок)

Како прво, македонскиот театарски простор има недостиг од полемички дух. Тоа е факт со кој поголемиот дел од колегите се согласуваат. Второ, македонскиот театар се соочува со отсуство на стратешко промислување. Во таа смисла може да се каже дека македонскиот театар покрај одредени појави, личности, квалитетни претстави што инцидентно ќе се случат, сепак, сé помалку може да даде одговори или да се поставaт важни прашања кои произлегуваат од современите проблеми и околностите во кои денес живееме. Клучното прашање сега станува: Дали, ако вака се продолжи, македонскиот театар ќе може да се соочи со предизвиците на глобалното општество во 21-от век и уште повеќе: Дали ќе може да биде местото на отпор против социјалните неправди и општествените проблеми со кои се соочува македонското општество денес. Општ е впечатокот дека сé помалку се соочува со тие прашања, сé повеќе отсуствуваат желбата, волјата за реформи. Тоа е најтажниот заклучок од денешната расправа.

**Акценти од дискусијата:**

ИЛИЈА УПАЛЕВСКИ, театарски критичар:
Во театарот ми пречи кога се искористува естетскиот код, кога се комерцијализира историјата и се воведува политикантски дискурс.
Сакам да споменам една статистика. Од 25 дипломирани режисери на ФДУ во периодот од 1986 година, во последнава година и пол режирале само седумина, а 18 режисери гостувале од странство. Направени се околу 72 претстави. Зошто тие режисери се толку малку ангажирани? Дали станува збор за инспиративна блокада или е прашањето во ФДУ? Дали сме затворен театарски простор?
ИГОР ТРПЧЕСКИ, актер и режисер:
Очигледно е дека сме затворен театар. Конкретно овој фестивал. Верував дека ќе има дискусии за претставите, но ги нема. Тоа е податок дека сме затворени пред себе, не можеме да си кажеме што мислиме за она што го работиме. Ако е така - тогаш е бесмислено. Се залажуваме и се шминкаме себеси.
ИВАН ПОПОВСКИ, режисер:
Не дека е затворен театарскиот систем. Понудената статистика не е комплетна, мене на пример ме интересира кој ги режирал останатите претстави. Но бројката од играни 72 претстави за година и пол е фрапантна. Театрите не мора да прават по 6 - 7 претстави. Нека се 3 - 4, ама добри. Колку што дозволува буџетот.
ЈАНИ БОЈАЏИ, режисер:
Има затворен круг на режисери кои добиваат проекти за да прават претстави. Сите знаеме како се оформува буџетот. Има една критичка маса што ја држи една секта. Се плаши од конкуренција. Проекти се добиваат по две линии: пријателски или партиски.

ИСКРА ГЕШОСКА, театарски критичар:
Статистиката е проверка за анализа на поетичките начела. Постои начело за неполемичност во самата фела. Театарот во Македонија страда оти е затворен во своите ентрописки системи. Зашто, оние кои го создаваат системот се плашат од критика. Театарот како затворен систем не трпи влијанија ниту од театарската, ниту од нетеатарската фела.
ЃУНЕР ИСМАИЛ, уметнички директор на МТФ:
Постојат буџети на државата и на општините. Од тие пари се алиментира уметноста кај нас. Нема потецијален спонзор и немаме социјално одговорен капитал. Сега се потпираме на државна чешма. Постојат менаџери во театарот и така мора да се разговара. А кога станува збор за квалитетот - за него најголема одговорност носат директорот и режисерот.
БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ, драмски автор:
Културата ја доживува судбината на школството, здравството и на судството. Ние фрагментарно се обидуваме да бидеме паметни. Оваа држава финансира масовна продукција, за да создава просечност - сивило. Тој тип на култура е поразителен. Мора да се направи реформа во културата. Многу пари се трошат во културата, но не функционално. Јас сум за реформирана добро платена мала но квалитетна армија во културата.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●



Драмски театар - Скопје

**КУПИДОНА**
Срѓан Јанаќиевиќ

режија: Срѓан Јанаќиевиќ
музика: Поган Паган
драматург: Игор Ќулавковски
сценограф: Сергеј Никуљски
костимограф: Лидија Георгиева
кореограф: Иво Димчев

Играат: Калина Наумовска, Гордана Ендровска, Сашка Димитровска, Сашо Тасевски, Ирена Ристиќ, Надежда Петровска, Драган Спасов, Лазе Манасковски, Гоце Тодоровски, Дејан Лилиќ, Ана Костовска, Бранко Ѓорчев

Претставата "Купидона" на Драмски театар од Скопје, поради технички причини се одигра на матичната сцена во Драмски театар - Скопје.

●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●●

***Гледавте:***

Продукција ОДА -Тетово
ЕМИГРАНТИ
Славомир Мрожек
режија: Софија Ристевска

Градски театар - Охрид
ФАРСА ЗА ХРАБРИОТ НАУМЕ
Русомир Богдановски
режија: Благојче Божиновски

Колоквиум на студентите од трета година на ФДУ
класа на проф. Владо Цветановски
СЛУЧАЈОТ П.

НТ Битола, Турски театар - Скопје, Labaratorio nove - Фиренца
ТИМОН ОД АТИНА
Виљам Шекспир
режија: Бранко Брезовец

Драмски театар- Скопје
КУПИДОНА
Срѓан Јанаќиевиќ
режија: Срѓан Јанаќиевиќ

***Ќе гледате:***

**Четврток, 8 јуни**

20.00 ч. / Дом на културата "Марко Цепенков"
Драмски театар - Скопје
ДОН ЖУАН
Жан Батист Молиер
режија: Александар Поповски

22.00. ч. / Народен театар "Војдан Чернодрински"
Народен театар - Штип
ДОН КИХОТ
Мигуел Сервантес
режија: Дејан Пројковски

**Петок, 9 јуни**

20.00 ч. / Дом на култура "Марко Цепенков"
СВЕЧЕНО ЗАТВОРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ
Доделување на наградите

Народен театар - Велес
ЖЕЛЕЗНО ПИЛЕ
Благоја Ристески - Платнар
режија: Јордан Витанов

Билтен на 41 МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп
За издавачот: Кирил Ристоски
Уредник: Александра Бошковска
Новинари: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска и Светлана Ристеска
Фотографии: Милан Темелкоски, Светлана Ристеска и од архивите на театрите.
Печати: „Тирекс” - Прилеп
Прилеп, 08.06.2006

Македонски театарски фестивал
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП
Дом на култура „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел: (048) 40 16 30 или 42 55 20
факс (048) 40 16 31
e mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

## *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

# 41 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ:

**Собрание на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Стојан Дамчески, Љупчо Ѓорѓиевски, Адем Карага, Трајче Кацаров, Атила Клинче, Младен Крстевски, Ванчо Мелев, Љупчо Петрушевски, Силвија Стојановска, Љубомир Чадиковски

**Извршен одбор на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Силвија Стојановска, член
Атила Клинче, член
Љупчо Ѓорѓиевски, член
Трајче Кацаров, член

**Секретар на МТФ:** Стојан Дамчески
**Технички Секретар:** Љупчо Тодоровски
**Уредник на билтен:** Александра Бошковска

**Уметнички директор:** Ѓунер Исмаил

**Жири:**
Искра Гешоска, теоретичар на уметност
Братислав Димитров, драмски писател
Мето Јовановски, актер
Тодор Кузманов, театарски критичар
Иван Поповски, режисер

**Жири за офф програма:**
Младен Крстевски, актер
Зоја Бузалковска, режисер
Маја Мицевска, драмски писател